Почитувани,

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта за потребите на изработка на правна анализа за состојбата со жртвите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија, доставува барање за пристап до информации од јавен карактер.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

| | |
|---|---|
| Наслов | **FW: Барање за пристап до информации од јавен карактер.** |
| Од | [redacted] |
| Примач | [redacted]>, <info@osprilep.mk> |
| Датум | 05.09.2024 16:14 |

roundcube

- Барање основен суд Прилеп.pdf (~230 КБ)

**До: Основен суд Прилеп**
**Бул. Гоце Делчев б.б.**
**7500, Прилеп**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку вкупно постапки се воделе за кривичното дело од член 191 од КЗ **во текот на 2022 година**?
2. Колку вкупно постапки се воделе за кривичното дело од член 191 од КЗ **во текот на 2023 година**?
3. Колку вкупно пресуди се донесени за кривичното дело од член 191 од КЗ **во текот на 2022 година**?
4. Колку вкупно пресуди се донесени за кривичното дело од член 191 од КЗ **во текот на 2023 година**?
5. Барам да ни доставите анонимизирана копија од пресудите по член 191 од КЗ донесени **во текот на 2022 година** (независно дали се правосилни или не).
6. Барам да ни доставите анонимизирана копија од пресудите по член 191 од КЗ донесени **во текот на 2023 година** (независно дали се правосилни или не).
7. Колку од постапките започнати **во текот на 2022 година** по други кривични дела се преквалификувани по членовите 418 -а; 418-в и 418-г од КЗ?
8. Колку од постапките започнати **во текот на 2023 година** по други кривични дела се преквалификувани по членовите 418 -а; 418-в и 418-г од КЗ?
9. Колку вкупно барања за надомест на штета за кривичните дела од член 418 -а; и 418-г од КЗ се поднесени пред Основен суд **во текот на 2022 година**?
10. Колку вкупно барања за надомест на штета за кривичните дела од член 418 -а; и 418-г од КЗ се поднесени пред Основен суд **во текот на 2023 година**?
11. Колку вкупно пресуди за надомест од член 418 -а; и 418-г од КЗ се донесени во Основен суд **во текот на 2022 година**? (напомена: Ве молиме да ни доставите поединечен износ на секоја исплатена сума за надомест)
12. Колку вкупно пресуди за надомест од член 418 -а; и 418-г од КЗ се донесени во Основен суд **во текот на 2023 година**? (напомена: Ве молиме да ни доставите поединечен износ на секоја исплатена сума за надомест)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 05.09.2024 година** ______________________________

**Потпис**

(доколку барањето с

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, P.O.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.14/2024
06.09.2024

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер при Основниот суд во Прилеп [redacted]-самостоен судски советник, постапувајќи по барањето на [redacted] за пристап на информации од јавен карактер од 05.09.2024год., согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на ден 06.09.2024год. го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УСВОЈУВА барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер од 05.09.2024год. на [redacted]

Ве известуваме за:

1. Во текот на 2022год. во Основниот суд во Прилеп не е водена постапка за кривичното дело од чл.191 од КЗ.
2. Во текот на 2023год. во Основниот суд во Прилеп не е водена постапка за кривичното дело од чл.191 од КЗ.
3. Во текот на 2022год. во Основниот суд во Прилеп нема донесени пресуди за кривичното дело од чл.191 од КЗ.
4. Во текот на 2023год. во Основниот суд во Прилеп нема донесени пресуди за кривичното дело од чл.191 од КЗ.
5. Во текот на 2022год. нема започнати постапки кои се преквалификувани по чл.418-а, 418-в и 418-г од КЗ.
6. Во текот на 2023год. нема започнати постапки кои се преквалификувани по чл.418-а, 418-в и 418-г од КЗ.
7. Во текот на 2022год. нема поднесено тужби за надомест на штета сторена со кривичните дела од чл.418-а, 418-в и 418-г од КЗ.
8. Во текот на 2023год. нема поднесено тужби за надомест на штета сторена со кривичните дела од чл.418-а, 418-в и 418-г од КЗ.
9. Во текот на 2022год. Основниот суд во Прилеп нема донесено пресуди за надомест на штета од чл.418-а, 418-в и 418-г од КЗ.
10. Во текот на 2023год. Основниот суд во Прилеп нема донесено пресуди за надомест на штета од чл.418-а, 418-в и 418-г од КЗ.

Образложение

По поднесеното барање на [redacted] за пристап на информации од јавен карактер од 05.09.2024год., Основниот суд во Прилеп постапувајќи согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

[redacted]

ПРАВНА ПОУКА:Рок за жалба 15 дена по приемот на решението преку овој суд до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.